Република Северна Македонија
АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН
Бр. 01-17/4
06.03. 2025 год.
СКОПЈЕ

**АМЕРИКАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

AUE FON
AMERICAN UNIVERSITY OF EUROPE

# Б И Л Т Е Н

**БР. 4 -2024/2025**

**Скопје, 06.03.2025**

# С О Д Р Ж И Н А

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научните области 5.05.00.06 деловно право; 5.05.00.08 трудово право; на Факултетот за правни и политички науки на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН……………………………….…..………81

Реферат за избор на еден наставник во сите наставно научни звања по стручно уметнички предмети од областите: 6.04.00.01- ликовна/визуелна уметност; 6.04.00.02- применета уметност и дизајн; на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН........................................................................................................................92

Преглед на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа – ФОН.....................................97

# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ 5.05.00.06 ДЕЛОВНО ПРАВО И 5.05.00.08 ТРУДОВО ПРАВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРАВНИ И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ
# НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА – ФОН

Врз основа на Законот за високото образование и Статутот на АУЕ - ФОН, а во врска со објавениот конкурс за избор на наставник од научните области 5.05.00.06 Деловно право и 5.05.00.08 Трудово право, Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки на седницата одржана на 17.01.2025 година, определи Рецензентска комисија за избор на наставник од научните области 5.05.00.06 Деловно право и 5.05.00.08 Трудово право, во следниот состав:

1. проф. д-р Игор Камбовски – редовен професор, претседател
2. проф. д-р Сејдефа Џафче – редовен професор, член
3. проф. д-р Мирко Трипуноски – емеритус професор, член

По разгледувањето на пристигнатите материјали, рецензентската комисија го поднесува следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ од 21.12.2024 година, за избор на наставник од научните области 5.05.00.06 Деловно право и 5.05.00.08 Трудово право во определениот рок доставена е пријава од кандидатот д-р Зорица Силјановска, вонреден професор на Факултетот за правни и политички науки при АУЕ – ФОН од Скопје.

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И НАУЧНО – СТРУЧНАТА АКТИВНОСТ НА Д-Р ЗОРИЦА СИЛЈАНОВСКА

Кандидатката д-р Зорица Силјановска е родена на 21.05.1982 година во Битола, каде завршува основно и средно образование. Високото образование го завршува на Правниот факултет "Јустинијан Први" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во 2004 година со просек 9,03 меѓу првите по успех во својата генерација, со што се стекнува со звањето дипломиран правник.

По дипломирањето кандидатката д-р Зорица Силјановска краток временски период била ангажирана како практикант во адвокатска канцеларија, каде што се стекнала со значајно практично искуство посебно во областа на стопанските и работните спорови.

Во 2006 година се запишува на постдипломските студии на катедрата по Деловно право на Правниот факултет "Јустинијан Први" во Скопје. По положувањето на предвидените испити со просечна оцена 9,8, на 12.04.2010 година успешно ја брани магистерската тема под наслов **„Меродавното право за суштината на спорот во постапка пред меѓународна трговска арбитража",** со што се стекнува со звање магистер на правни науки од областа Деловно право.

Во ноември 2011 година кандидатката д-р Зорица Силјановска пријавила докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје со наслов **„Правците на развој на моделите на корпоративно управување после светската економска криза"**.

Кандидатката д-р Зорица Силјановска од 2006 година е вработена на Прв приватен универзитет - ФОН со избор во помлад асистент, а денес како вонреден професор ги извршува обврските на Факултетот за правни и политички науки на предмети од областа на деловно право и тоа: Трговско право, Трудово право, Синдикално право, Корпоративно управување, Трговско право (применета програма), Трудово право (применета програма), Осигурување, Договорно право, Постапка пред меѓународна трговска арбитража и Право на е-трговија. Од академската 2018/19 заедно со академик Владо Камбовски го предава и предметот Методологија на правно – политички истражувања. Автор е на учебник по предметот Корпоративно управување и рецензент на повеќе научни трудови објавени во домашни и странски научни списанија. Член е на Програмскиот комитет на Зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев "Штип.

Освен на Факултетот за правни и политички науки ангажирана е и на Факултетот за економски науки и Факултетот за дизајн и мултимедија при АУЕ – ФОН. Била ментор и член во комисија на многубројни дипломски, специјалистички и магистерски трудови. Во периодот од 2012 - 2019 била член на Координативното тело на научно-истражувачкиот проект „Фабрика на

знаење“ на АУЕ – ФОН. Во мај 2018 година успешно го положила и Правосудниот испит.

Во своето досегашно работење проф. д-р Зорица Силјановска се има профилирано како исклучително професионален, квалитетен и иновативен наставник, кој освен редовната настава практикува и индивидуална работа и консултации, организира посети и практична работа во компании од бизнис секторот, но и во државни институции за студентите кои покажуваат особен интерес по предметите кои ги предава. Професионално, компетентно, совесно и одговорно ги извршува сите работи поврзани со наставно- образовниот процес. Важи и за принципиелен професор кој бара постигнување на високи академски стандарди од страна на студентите како при совладувањето на предметната материја така и при изработката на дипломските, специјалистичките и магистерските трудови.

Особена активност и професионалност кандидатката покажува и во активностите од поширок интерес. Проф. д-р Зорица Силјановска изминатиот период е вклучена во неколку стручни комисии на универзитетско ниво, на Факултетот за правни и политички науки и на Факултетот за економски науки и тоа:

- Претседател на Комисија за самоевалуација на Факултетот за правни и политички науки;
- Претседател на Комисијата за дисциплински постапки на Факултетот за економски науки;
- Член на Комисија за трансфер на студенти на Факултетот за правни и политички науки;
- Член на Координативното тело за уписна стратегија;
- Член на Комисија за евалуација на пријави по КОНКУРС ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЕРАЗМУС + АКЦИЈА 1: ИНДИВИДУАЛНА МОБИЛНОСТ ЗА НАСТАВЕН КАДАР – МОБИЛНОСТ ЗА НАСТАВЕН АНГАЖМАН (TEACHING).

Во текот на својата досегашна кариера несебично и посветено придонесува во оспособувањето и издигнувањето на повеќе соработници на Факултетот за правни и политички науки.

## II. СТРУЧНИ И НАУЧНИ ТРУДОВИ

### *1. Магистерски труд:*

**„ Мeродавното право за суштината на спорот во постапка пред меѓународна трговска арбитража",** Правен Фкултет Јустинијан Први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Април, 2010 година.

Трудот ги разгледува правните аспекти на определувањето на меродавното право за суштината на спорот во постапка пред арбитража, како еден од начините на алтернативно (вонсудско) решавање на спорови. Решавањето на спорови пред меѓународна трговска арбитража, денес е едно од најактуелните прашања во меѓународната трговија на глобално ниво. Трудот ги анализира начините на определување на меродавното право, што претставува едно од најкомплексните и најбитни прашања во арбитражната постапка. Преку анализа на правните акти и постоечката пракса, акцентот е ставен на состојбите во Република Македонија и реформите кои треба да се спроведат, со цел усогласување на правната регулатива и имплементирање на најдобрите практики на реномираните меѓународни трговски арбитражи.

### *2. Докторски труд:*

*„* **Правците на развој на моделите на корпоративно управување после најновата светска економска криза***"*, Правен факултет Јустинијан Први, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Ноември, 2014 година.

Трудот ги обработува и анализира правците на развој на моделите на корпоративното управување на глобално ниво под влијание на последната светска економска криза. Во истражувањето опфатени се и правните и економските аспекти заради специфичноста на тезата која е поставена. Корпоративното управување денес е прашање кое е во фокусот на вниманието и во развиените земји и во земјите во развој, со што се потенцира неговото значење. Светската економска криза од една страна ги извади на површина слабостите во корпоративното управување, а од друга страна ја наметна потребата за изградба на квалитетно и ефикасно корпоративно управување. Во услови на глобализација тоа не е избор туку е нужност. Сите компании кои сакаат да бидат конкурентни на светскиот пазар мора да ги инкорпорираат и применуваат принципите и стандардите за добро корпоративно управување. Посебен акцент е ставен на состојбите во Република Македонија, на воспоставената правна и институционална рамка за развој на корпоративното управување како и на реформите кои се неопходни за изградба на еден ефикасен, ефективен и квалитетен систем на корпоративно управување.

*Објавени трудови по изборот во вонреден професор*

- **Autoethnography and workplace mobbing in Western Balkan countries,** 67th edition of KNOWELDGE -International Journal, Bansko, December 2024;
- **Одговорност на продавачот за предавање на предмет со недостатоци кај договорот за продажба во домашното и меѓународното право,** Iuridica Prima, Institute for Legal - Economic Research and Education, 9-th International Scientific Conference, Ohrid School of Law 2023, 329-351 p
- **Investment in human capital as a significant segment in the modern corporate governance,** Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев"Штип, Десетта Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 353-365 стр;
- **Национални мерки за родова еднаквост и економска независност на жените,** Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев"Штип, Деветта Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 181-191 стр;
- **The actual state in the regulation of the national natural gas market,** Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев"Штип, Седма Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", 413-429стр;
- **Strategic management with the implementation of artifical intelligence technologies,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 40/2023;
- **Equal employment opportunities for young people at social,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 39/2022;
- **The idea for tax arbitration: challenges and perspectives,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 38/2022;
- **Financial and legal aspects of mediation in European countries and the United States,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 38/2022;
- **The role of collective agreements as a means of regulating intellectual property rights created in employment,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 36/2022;

- **Protection and realization of the rights of women employed in the textile industry in the Republic of North Macedonia,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 36/2022;
- **Legal regulation of the natural gas market in national legislation,** International Journal of Social Sciences "VIZIONE" 35/2020;

***Објавени трудови по изборот во доцент:***

- **Efficient and effective corporate governance system a prerequisite for business success,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Bulgaria, 13-15.12.2019;
- **OECD principles for good corporate governance and their impact on process of standardization,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Greece, 11-13.10.2019;
- **Корпоративното управување во земјите од БРИКС – предизвик за глобалната економија,** Шеста меѓународна научна конференција, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, 05-06.09.2019;
- **The impact of the globalization process on the development of corporate governance,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Budva, 06-09.06.2019;
- **Судска заштита на правата на доверителите во постапка за обезбедување на побарување со претходни мерки,** Vizione 32, International magazine for social sciences, Skopje, 2019;
- **Corporate social responsibility – one of the basic proposals for good corporate governance,** International Journal Scientific & Applicative Papers, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Agia Triada, 27-29.09.2018;
- **Strategy of the monetary central bank monetary policy and the need for supervision,** Vizione 30, International magazine for social sciences, Skopje, 2018;
- **Formal, transparent and corruption – resistant management in the public sector,** Vizione 30, International magazine for social sciences, Skopje, 2018;

- **Економската важност на корпоративното управување во Европска Унија и нејзината улога во процесот на конвергенција,** International Journal Scientific & Applicative Papers**,** Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Budva, 23-26.05.2018;
- **Градење систем на добро корпоративно управување неопходност, а не избор во 21век,** Стручно списание **Правник**, април 2018;
- **Placing an universal international standards for good corporate governance on international level**, Vizione 28, International magazine for social sciences, Skopje, 2017;
- **Model of corporate governance of a modern enterprise in the 21st century**, Journal of Process Management-New technologies, International, Volume 5 Issue 1, January 2017;
- **The global economic crisis brought on sight a new world order,** International Journal Scientific & Applicative Papers**,** Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, 16-18 December, 2016 Bansko, Bulgaria;
- **Effects of the second wave in eurozone crisis,** Vizione 26, International magazine for social sciences, Skopje, August 2016;
- **Влијанието на светската економска криза врз финансиските текови на глобално ниво,** Vizione 25, international magazine for social sciences, Skopje, February 2016;
- **The global economic crisis has highlighted the need for transparency in the management,** International Journal Scientific & Applicative Papers**,** Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Greece, 2-4.10.2015;

***Објавени трудови до изборот во доцент:***

- **Corporate social responsibility**, Third International Scientific Conference: Knowledge – Capital of the future, Institute of knowledge management Skopje, Macedonia, Bansko, R. Bulgaria, November 27-29, 2014;
- **The Impact of BRICS from Economic, Legal and Political Aspect in the International Community**, The European Scientific Institute (ESI), "Vitrina" University and The University of the Azores- Portugal, Tirana, Albania, 2013;
- **Impact of globalization the convergence of the models of corporate governance**, International scientific conference, Promoting Human Rights: Recent Development, MIT University Skopje, Republic of Macedonia, September 25-27, 2013;

- **The global financial crisis highlights the shortcomings of fiscal transparency**, International scientific conference, Promoting Human Rights: Recent Development, MIT University Skopje, Republic of Macedonia, September 25- 27, 2013;
- **The Impact of the Global Financial Crisis on the Trade Flow in the Republic of Macedonia**, Eight ECPD International Conference, RECONCILIATION, TOLERANCE AND HUMAN SECURITY IN THE BALKANS-NEW BALKANS IN A CHANGING WORLD, Beograd, October 20-21, 2012;
- **Investments in Sustainable Development of Renewable Energies in the Republic of Macedonia**, 2nd Climate change, economic development, environment and people conference, University of Prešov, Slovak Republic, 2012;
- **The inflow of foreign direct investments in the west Balkan countries within the process of EU accession**, I International Scientific Conference on economic development and standard of living, EDASOL, September 23-24, 2011;
- **Арбитражна спогодба**, Годишник ФОН Униврзитет, Скопје, 2008/09;
- **Социјалната политика и стратегија за вработување – денес во фокусот на активностите на Европска Унија**, Зборник на трудови Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ – состојби и перспективи, Скопје, 2007;
- **Остварувањето на избирачкото право – основа на демократијата**, Зборник на трудови Парламентарните избори 2006 и македонските аспирации за членство во ЕУ и НАТО, Скопје, 2006.

## III. УЧЕСТВО НА СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ, ПРОЕКТИ И ТРКАЛЕЗНИ МАСИ

- Тренинг на тема „Трговија со луѓе“ во организација на ТЕМИС, Здружението на жени правници на Македонија, Скопје, 2003;
- Учество на 56та Средба на Правниците на Стопанството на Република Македонија, Охрид, 2006;
- Тркалезна маса на тема „Остварување на правата од работен однос согласно Законот за работни односи“ во организација на Сојузот на Синдикати на Република Македонија (ССМ), Скопје, 2008;
- Семинар на тема „Инсолвентност, стечај и ликвидација на трговско друштво-легислатива и практика“, Здружение на правници на Република Македонија, Скопје, 2010;

- Project “Tet–a-tet with Euro-Atlantic values” held in Berlin, Brussels and Paris; project funded by FON University and supported by the Friedrich-Ebert-Stiftung, office Skopje, June, 2013;
- International Scientific Conference, Promoting Human Rights Recent Developments, MIT, Skopje, 2013;
- Конференција на тема „Арбитражата во ЦЕФТА регионот во насока на унапредување на економскиот развој“, Стопанска комора на Македонија, Скопје, 18 февруари, 2014;
- Советување „Како до поголема вработливост на студентите и дипломците“, МАНУ, Скопје, Март, 2014;
- UDG Regional Summer School “Finance and Capital Market”, Cetinje, 2014;
- International Scientific Conference: Knowledge-Capital of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Bansko R.Bulgaria, 2014;
- International Scientific Conference: Knowledge-Knowledge without borders, Institute of Knowledge Management Skopje, Greece, October 2015;
- International Conference on New Challenges in Management and Business held in Dubai, UAE, 2 May, 2016;
- Тркалезна маса на тема “Индустриската сопственост – мотор или кочница за развој на бизнисот“, ФОН Универзитет Скопје, март, 2018;
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Budva, May 2018;
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Agia Triada, September 2018;
- Член на координативното тело на научно истражувачкиот проект „Фабрика на знаење“ од академската 2011/12 година до 2018/19;
- International Scientific Conference: Knowledge-The teacher of the future, Institute of Knowledge Management Skopje, Budva, June 2019;
- Шеста меѓународна научна конференција, „Општествени промени во глобалниот свет“ Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Правен факултет, 05-06.09.2019;
- Конференција на теме „Зајакнување на младите преку нови можности за вработување“, СОС Детско село, Скопје, 30.09.2019;
- International Scientific Conference: Knowledge in practice, Institute of Knowledge Management Skopje, Bansko, December 2019;
- Training: Organizational Structure and Development of an Effective System for Corporate Governance – Economic Chamber of North-West Macedonia, 2020;

- Training: Strategic planning “Community Development, Mobilization and Engagement”, Annual work program under Framework Partnership Agreement EU founded project IPA/2021/430-920, LGBT United, Tetovo, 2022;
- Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев “Штип, Деветта Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Септември 2022;
- Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев “Штип, Десетта Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Септември 2023;
- Training Strategic Planning “Organizational Development and Strategic Planning”, Implemented under the EU Civil Resilience Mechanism (CRM) in – kind support programme IPA/2019/413-168/EUCRM, within the EU funded project “Technical Assistance for improving the enabling environment for civil society organizations in the Republic of North Macedonia”, WOMEN’S ORGANIZATION of the Municipality of Veles, 2023;
- Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев “Штип, Единаесетта Меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет“, Септември 2024;
- Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на РМ (УПОЗ), Trade Unions -New impetus for youth participation, November 2024.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целосниот преглед на доставените конкурсни материјали и деталното анализирање на сите сегменти од научното делување на кандидатот, Рецензентската комисија едногласно констатира дека проф. д-р Зорица Силјановска е подобна и во целост ги исполнува условите предвидени во Законот за високо образование и интерните акти на Американскиот универзитет на Европа – ФОН, за избор на наставник во наставно-научното звање редовен професор од обласата на Деловно право и Трудово право.

Кандидатката поседува високи наставно-обрзовни, научно истражувачки и стручно апликативни квалитети. Со нејзината работа како наставник во звањето вонреден професор, кандидатката се потврдува како исклучително професионален и трудољубив наставник, педагог и научен работник во остварувањето на наставно-образовните обврски, коишто ги извршува посветено, ефикасно и ефективно. Се истакнува со нејзиниот пристап и работа со студентите, како и соработката и оспособувањето на млад соработнички кадар. Постигала завидни резултати на сите полиња релевантни за постапката за

избор во наставно-научни звања во смисла на релевантните одредби од Законот за високо образование и интерните акти на АУЕ - ФОН. Овие квалификации на кандидатката се резултат на нејзиното постојана професионална надоградба, континуирана научно-истражувачка работа, примена на стандардни но и иновативни методи и техники во наставата, како и постојаното следење на современата научна литература за научните области за кои се избира.

Особено треба да се истакнат значајните резултати кои кандидатката ги остварила во нејзината научно-истражувачка активност, кои може да се забележат преку научните трудови објавени во реномирани списанија но и презентирани преку учеството на многубројни меѓународни конференции. Кандидадката е посветена на проблематиката од областа на деловното право и трудовото право и со својот истражувачки опсег дава значаен импакт и придонес за многу актуелни прашања и на национално и на глобално ниво, низ студиозен и сериозен пристап кон истите. Со тоа кандидатот во целост ги исполнува педагошките, научните, и стручните критериуми како и законските услови и условите предвиени во рамките на интерните акти на АУЕ - ФОН за да биде избрана во наставник во научните области: деловно право и трудово право.

Врз основа на изнесеното, членовите на Комисијата едногласно, со полна увереност и со задоволство му предлагаат на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни и политички науки при ФОН Универзитет, кандидатката **проф. д-р Зорица Силјановска** да ја ИЗБЕРЕ ЗА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНОТО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ДЕЛОВНО ПРАВО И ТРУДОВО ПРАВО.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**1. проф. д-р Игор Камбовски, претседател, с.р.**

__________________________________

**2. проф. д-р Сејдефа Џафче, член, с.р.**

__________________________________

**3. емеритус проф. Мирко Трипуноски, член, с.р.**

__________________________________

Скопје, Февруари 2025

# Р Е Ф Е Р А Т

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА ПО СТРУЧНО УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТИТЕ:**
**6.04.00.01- ЛИКОВНА/ВИЗУЕЛНА УМЕТНОСТ;**
**6.04.00.02- ПРИМЕНЕТА УМЕТНОСТ И ДИЗАЈН;**
**НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДИЗАЈН И МУЛТИМЕДИЈА**
**НА АМЕРИКАНСКИОТ УНИВЕРЗИТЕТ НА ЕВРОПА - ФОН**

Врз основа на Одлуката за распишување на конкурс за избор на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, бр. 22-1220/5, донесена на 22.11.2024, и врз основа на конкурсот на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, објавен во весникот „Нова Македонија“ на 21/22.12.2024, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно уметнички предмети од областите: 6.04.00.01- Ликовна/визуелна уметност; 6.04.00.02- Применета уметност и дизајн, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, бр. 22-52/3, донесена на 22.01.2025, формирана е Рецензиона комисија во состав: проф. д-р Марија Ветероска, претседател, проф. д-р Фехим Хусковиќ, член и проф. д-р Трајче Блажевски, член.

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по стручно уметнички предмети, од областите: 6.04.00.01- Ликовна/визуелна уметност; 6.04.00.02- Применета уметност и дизајн, во предвидениот рок се пријави еден кандидат: вонр. проф. м-р Антонио Аранѓеловиќ.

Врз основа на приложената документација поднесена од страна на кандидатот, како и врз основа на неговата научна, стручна и педагошка дејност Рецензионата комисија има чест да го достави следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Антонио Аранѓеловиќ е роден во Скопје на 23.02.1986 година. Завршува средно уметничко училиште Д.С.У.П.У. „Лазар Личеновски“ на отсекот графика во 2004. Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје во 2010 година, на отсекот графика со графички дизајн, во класата на проф. м-р Мирко Вујисиќ. Магистрира на истиот факултет, на отсекот графика, во 2014 година со магистерскиот труд „Куќичка на дрво”. Аранѓеловиќ твори успешно во повеќе уметнички медиуми како што се ликовната уметност, стрипот, графичкиот дизајн, анимацијата и музиката.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Антонио Аранѓеловиќ во 2015 година е избран за доцент, а во 2020 за вонреден професор на ФОН Универзитетот (сега преименуван во: Американски универзитет на Европа – ФОН) во наставно-научно звање по стручно-уметнички предмети од областите: цртање (60700), графика и графички техники (60702) и Друго (Графички дизајн) (60712).

Наставната дејност ја практикува во прв и во втор циклус на студии на Факултетот за дизајн и мултимедија. Предмети за кои континуирано одржува настава се: Техники на цртање 1, Техники на цртање 2, Графички дизајн 1, Графички дизајн 2, Сториборд, Стрип дизајн и Графички дизајн-напредно ниво 2. Покрај наставата, Аранѓеловиќ е ментор, член или претседател на голем број комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови.

Оценувањата од страна на студентите, спроведени од Комисијата за самоевалуација на ФДМ, за Аранѓеловиќ секоја година резултираат со висока оценка.

Од 20.11.2020 до 20.11.2023 е член на Сенатот на АУЕ-ФОН.

Аранѓеловиќ активно учествува во факултетските комисии. Тој е претседател на Комисијата за уписи на прв и втор циклус неколку години консекутивно. Учествува во организација и спроведување на екстракурикуларни активности со студентите, како екскурзии, посета на изложби и гостински предавања на експерти во различни области на дизајн полето. Тој е активен и во организацијата на завршните годишни изложби на Факултетот за дизајн и мултимедија.

**ТВОРЕЧКИ АКТИВНОСТИ ДО 2020:**

Антонио Аранѓеловиќ во полето на ликовната уметност до 2020 година има остварено 3 самостојни изложби во Младинскиот Културен Центар, Графичко студио на Музејот на Град Скопје и Музеј на град Скопје опфаќајќи разни тематики обработени во медиумите традиционална графика, цртеж и слики. Има учествувано на бројни групни изложби од национален и меѓународен карактер, а учествувал и на меѓународни ликовни колонии. Бил активен во полето на графичкиот дизајн, и како работна позиција графички дизајнер во Маркетинг Агенцијата JWT во Скопје, но и со свои значајни авторски дизајни за визуелен идентитет и тотал дизајн на бројни издадени решенија. Особено е впечатлива неговата издавачка дејност во областа на стрипот, со неколку колаборативни изданија и авторското издание „Некои мали нешта", графичка новела од 112 страни (комплетен автор на приказната, сценариото, дизајнот, како и на сите 370 илустрации во делото). Анимацијата „Празен Ум" (Empty Mind), на која е комплетен автор (режисер, аниматор, карактер дизајнер, цртач и монтажер) имала и учество на Белградскиот фестивал за анимација Балканима и на Скопскиот Филмски фестивал 2014.

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКАТА И АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ ОД 2020:**

Антонио Аранѓеловиќ, во периодот од последниот извештај при избор во вонреден професор во 2020 година до сега е активен како автор и учествува во бројни настани од областа на применетата уметност. Тој ги има остварено следниве творечки активности, кои се прикажани како листа и соодветно референцирани според Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на АУЕ ФОН, донесена на 02.07.2019, од стана на Сенатот на универзитетот:

Авторски стрип изданија

- 2024, „9 Животи“, автор: Антонио Аранѓеловиќ - графичка новела, издавач: Пропоинт (референца бр. 8)

Графички дизајн и илустрации

- 2020, „Qyteti Qiellzi“ автор: Асдрен Челику- пезија и проза, илустрација на Антонио Аранѓеловиќ, издавач: Botim i autorit, Скопје (референца бр. 3)
- 2021, „Qielli I Shpirtit“ автор: Асдрен Челику – поезија со илустрации на Антонио Аранѓеловиќ, издавач: Lidhja e Shkrimtareve Shqiptar, Vincent Graphics, Скопје (референца бр. 3)
- 2021, Дизајн на плакат на тема „Продор“ 1st Edition Online International Theater Festival, New Wave Program/Poster Design. (референца бр. 3)
- 2021, музички албум Тонио Сан – Заборавените обиди (пакет 1) (референца бр. 3)
- 2022, музички албум: Тонио Сан – Заборавените обиди (пакет 2) (референца бр. 3)
- 2023, „Древната војна со стресот“ од Дана Сиљан: книга (илустрација и дизајн на насловна страна) (референца бр. 3)
- 2023, музички албум: Тонио Сан – Заборавените обиди (пакет 3) (референца бр. 3)
- 2023, музички албум: Тонио Сан – Чувари на Грувот (референца бр. 3)
- 2023, музички албум Тонио Сан – Фуријата на трпеливиот човек (референца бр. 3)
- 2024, музички албум: Тонио Сан – 23 (референца бр. 3)
- 2024, музички албум: Тонио Сан – Февруари (референца бр. 3)
- 2024, музички албум: Тонио Сан – престапна година (референца бр. 3)

Анимации

- 2021, „Qyteti Qiellzi-Kapitulli I pare/Black Sky Sity Chapter 1“ – анимација, продукција: Nineza Entartainment, илустрација и карактер дизајн: Антонио Аранѓеловиќ, финансирано и поддржано од Министерство за Култура на РС Македонија. (референца бр. 1)
- 2021, „Икс“, анимација/видео спот, илустрација, графички дизајн, анимација, монтажа и продукција: Антонио Аранѓеловиќ, radiokanal, Distrokid. (референца бр. 1)
- 2022, „Дума“, автор: Тонио Сан - анимација/видео спот, илустрација, карактер дизајн, анимација, монтажа и продукција: Антонио Аранѓеловиќ, radiokanal, Distrokid. (референца бр. 1)

Групни изложби

- 2021, меѓународна изложба на слики во Врање, организатор и издавач: ЈУ Народни универзитет Врање, Галерија Народног универзитета Врање. (референца бр. 2)
- 2022, Меѓународна изложба на слики и графики во Бања Лука, организатор и издавач: Независни унивезитет Бања Лука, Бански двор Културни центар (референца бр. 2)
- 2022, Меѓународна изложба на слики и графики во Приједор, организатор и издавач: НУБЛ (референца бр. 2)
- 2023, „ШИБОВИ" меѓународна ликовна колонија Бања Лука, Република Српска – Монографија, издавач: Независни универзитет Бања Лука, Народна и универзитетска библиотека Републике Српске, Бања Лука (референца бр. 2)
- 2024, „Стрип Трип" – Стрип фестивал Скопје, Младински Културен Центар, Скопје, (референца бр. 2)

Ликовни колонии (државни и меѓународни)

- 2021, меѓународна ликовна колонија Врање, Република Србија. (референца бр. 4)
- 2022, меѓународна ликовна колонија „ШИБОВИ", Културни центар Бански Двор, Бања Лука, Република Српска. (референца бр. 4).

Дизајн работилници (ментор и учесник)

- 2024, „Враќање во иднината" – ментор на станицата за Мултимедија, на работилницата на тема „Уметност и политика", организирано и финансирано од Центар за едукација и уметност- Хана, Форум за разумни политики, Фондација Фридрих Еберт- канцеларија Скопје, Културен Центар Бруталиск, Скопје. (референца бр. 4)
- 2024, „Умешноста на изразувањето" – ментор на работилница за карактер дизајн, илустрација и стрип, организирано и финансирано од ХЕРА – Асоцијација за здравствена едукација и истражување, СКЦ. (референца бр. 4)
- 2024, Гази Баба Хип Хоп Фест 2024 – ментор на работилница за Стрип, организирано и финансирано од Општина Гази Баба, Дом на Култура Димитар Влахов, Скопје. (референца бр. 4)
- 2024, „Стрип Трип" – Стрип фестивал Скопје 2024, ментор на работилница за стрип, Младински Културен Центар, Скопје, (референца бр. 4)
- 2023, ментор на проектот за изработка и дизајн на карактери за потребите на USAID Actively Create Opportunities Activity, организирано и финансирано од USAID, IESC, Youth Educational Forum, Ceedhub Skopje (референца бр. 4)

Учество на Саем на книга

- 2021, 2022, 2023 и 2024 со графичката новела „Некои мали нешта" (референца бр. 4)

## ЗАКЛУЧОК

Вонр. м-р Антонио Аранѓеловиќ ги има исполнето Репрезентативните референци од член 10 на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на АУЕ ФОН, за избор во редовен професор, односно, во годините од последниот избор, Аранѓеловиќ реализирал вкупно 29 референци од категориите: 1, 2, 3, 4, 8.

М-р Антонио Аранѓеловиќ е исклучително активен автор во полето на цртањето, графиката, стрипот, графичкиот дизајн и анимацијата. Неговите дела се создадени со прецизен фокус и иновативен креативен пристап, носејќи силна уметничка изразност. Неговиот однос кон уметноста е длабоко аналитичен, што овозможува неговите дела да имаат повеќеслојна суштина и богат креативен израз. Неговото делување во различни медиуми упатува кон неговата константна потреба за себеизразување и откривање. Како професор, се издвојува со својата педагошка работа, постигнувајќи значителни резултати и придонесувајќи кон развојот на наставниот процес и вонннаставните активности.

## ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензионата комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната и стручно-уметничката и апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Антонио Аранѓеловиќ. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот, Комисијата заклучи дека м-р Антонио Аранѓеловиќ поседува наставни и стручно-уметнички квалитети и ги исполнува сите услови да биде избран во наставно-научно звање редовен професор по стручно уметнички предмети од областите: 6.04.00.01- Ликовна/визуелна уметност; 6.04.00.02- Применета уметност и дизајн.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно научниот и уметнички совет на Факултетот за дизајн и мултимедија на Американскиот универзитет на Европа - ФОН, **м-р Антонио Аранѓеловиќ** да биде избран во наставно-научно звање **редовен професор по стручно уметнички предмети од областите: 6.04.00.01- Ликовна/визуелна уметност; 6.04.00.02- Применета уметност и дизајн.**

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. проф. д-р Марија Ветероска, претседател

2. проф. д-р Фехим Хусковиќ, член

3. проф. д-р Трајче Блажевски, член

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски трудови усвоени на наставно-научните совети на Американскиот Универзитет на Европа - ФОН**
**билтен бр. 4 академска 2024/2025**

| **Факултет за правни и политички науки** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
|---|---|---|---|---|
| | **“Утврдување на казнено правни и криминалистички карактеристики на имотните деликти”** | 23-1261/3 18.12.2024 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Симе Клечкароски |
| | **“Анализа на етиолошките и феноменолошките карактеристики на казнените дела”** | 23-1266/3 18.12.2024 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Селадин Алиоски |
| | **“Евро-атлантски интеграции на земјите од западен балкан со посебен осврт на Република Северна Македонија и Република Косово”** | 23-1329/3 18.12.2024 | проф. д-р Зунун Зунуни | Исра Сакипи Фуша |
| | **“Геополитичка стратегија на Турција и повторно воспоставување влијание на Балканот”** | 23-1322/3 18.12.2024 | проф. д-р Анита Глигорова | Хиса Авдулаи |
| | **“Специфики на институтот застареност во правниот систем на Република Северна Македонија со посебен акцент на даночно право”** | 23-1196/3 18.12.2024 | проф. д-р Сејдефа Џафче | Данче Митрева |
| | **“Институционални механизми за заштита на жртвите на семејно насилство”** | 23-1330/3 18.12.2024 | проф. д-р Арлинда Кадри Шахиновиќ | Насер Туша |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **“Улогата на поротата во изрекувањето на казнените санкции”** | 23-1274/3 18.12.2024 | проф. д-р Стефан Буџакоски | Матеј Драгаш |
| | **“Семејно насилство со посебен осврт насилство врз децата”** | 23-54/3 17.1.2025 | проф. д-р Митасин Беќири | Сали Салија |
| | **“Стекнување на правото на сопственост на недвижности, врз основа на договор и одлука на државен орган во Република Северна Македонија-компоративни аспекти со државите од регионот”** | 23-1395/3 17.1.2025 | проф. д-р Зинет Асани | Иснијe Исени |
| | **“Компаративна анализа помеѓу договорот за редовно вработување и договорите за повремено и привремено вработување”** | 23-1374/3 17.1.2025 | проф. д-р Зинет Асани | Фатмир Јусуфи |
| **Факултет за економски науки** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **“Менаџерските одлуки како фактор за успешно менаџирање со професионалниот развој на вработените”** | 20-1101/3 20.11.2024 | проф. д-р Силвана Јовческа | Радица Кузманова |
| | **“Имплементација на концептот на различност, правичност и инклузија (DEI) како фактор за ефективна деловна стратегија за настап на меѓународниот пазар”,унапредување на квалитетот на хотелиерските услуги”** | 20-1314/3 18.12.2024 | проф. д-р Силвана Јовческа | Емсал Бајрами |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **“Дизајнирање елементи на интегриран маркетинг менаџмент комуникации во производните и услужните технологии на царинското работење во Република Северна Македонија”** | 20-1301/3 18.12.2024 | проф. д-р Мирко Трипуноски | Филип Костоски |
| | **“Персонализација на содржина во дигиталниот маркетинг со помош на вештачка интелигенција како катализатор за стапки на конверзија”** | 20-32/3 15.1.2025 | проф. д-р Лазар Арсовски | Марија Тасевска |
| | **“Улогата на меѓународниот финансиски менаџмент во процесот на управување со квалитетот на производите”** | 20-180/3 20.2.2025 | проф. д-р Саво Ашталкоски | Слаѓан Јаковлески |
| **Факултет за детективи и безбедност** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **“Модели на спротиставување на финансирање на тероризам со посебен осврт на мерките и активностите во Република Северна Македонија”** | 17-1087/3 24.10.2024 | проф. д-р Самир Салиевски | Бојан Апостолски |
| | **“Разбојништвото” Кривично-правен и Криминалистички аспект”** | 17-1019/3 24.10.2024 | проф. д-р Насер Етеми | Африм Азизи |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **“Корупција како нужен елемент на организираниот крмининал (состојби во Република Северна Македонија во периодот 2020-2024)”** | 17-1247/3 27.11.2024 | проф. д-р Митасин Беќири | Анита Спасиќ |
| | **“Кризната состојба во Република Северна Македонија прогласена поради зголемениот прилив на илегални мигранти во 2015 година од безбедносен аспект”** | 17-1242/3 27.11.2024 | проф. д-р Митасин Беќири | Давор Марковски |
| | **“Насилничкиот криминалитет со посебен осврт на убиствата”** | 17-1375/3 24.12.2024 | проф. д-р Митасин Беќири | Ади Крека |
| | **"Меѓународната соработка во спречувањето на криумчарење мигранти по војните на блискиот исток "** | 17-25/3 27.2.2025 | проф. д-р Анита Глигоров | Мартин Ефтимов |
| **Факултет за информатика** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **“Евалуација на системи за вештачка интелигенција за одредување на говор на омраза”** | 19-1281/3 17.1.2025 | проф. д-р Ѓорѓи Какашевски | Перо Пандилоски |
| **Факултет за дизајн и мултимедија** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **“Дизајн на серија сликовници и илустрации за деца: Змијата Ксенија и кактусот Спајк”** | 22-1238/3 16.12.2024 | проф. д-р Марија Ветероска | Дона Пљакова |
| | **“Дизајн, илустрација и продукција на едукативен детски производ:„Приспивни сказни од сенка”-** | 22-1267/3 16.12.2024 | проф. д-р Марија Ветероска | Стевица Ѓорѓевски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **интерактивна сликовница за развивање имагинација и креативност кај децата”** | | | |
| **Факултет за спортски менаџмент** | **Наслов на тема** | **Одлука** | **Ментор** | **Студент** |
| | **“Интеграција на маркетинг стратегии за промоција на вонучилишните спортски активности: потенцијал за развој на спортскиот туризам”** | 21-1344/3 23.12.2024 | проф. д-р Лиза Пантековска | Ивана Стојмановска |
| | **“Приказ и компаративна анализа на функциите на оперативните спортски менаџери во македонските национални кошаркарски селекции и македонските кошаркарски клубови од прва македонска лига мажи”.** | 21-1354/3 23.12.2024 | проф. д-р Весна Јованова Симева | Атанас Димов |